22087

Н. Мак. 5.III.75

РЕСЕН:

# ЗА ПОКВАЛИТЕТНА КЕРАМИЧКА КОЛОНИЈА

**Колонијата годинава ќе се одржи од 1 до 20 август со учество на 12 керамичари од целата земја. — Во Ресен ќе биде опремена нова работилница во која ресенските грнчари сериски ќе ги произведуваат експонатите создадени на Колонијата**

Советот на Ресенската керамичка колонија, што го сочинуваат истакнати општествено-политички и културни работници од Ресен и Републиката, на својата последна седница, направи договор за активностите што треба да бидат преземени за поуспешна организација и поплодна работа на оваа културна манифестација, единствена од ваков вид во Републиката.

Се заклучи, времето на одржувањето на Колонијата да остане исто како и минатата година — од 1 до 20 август, а во нејзината работа да се вклучат 12 најпознати керамичари-уметници од сите наши републики и покраини, што ќе ги предложат нивните уметнички друштва. Има размислувања да бидат поканети керамичари и од странство. Посебно беше истакната потребата тематски ресенската колонија повеќе да се насочи кон изворната керамика.

Посебни мерки ќе бидат преземени за уредување и опремување на работилницата во Отешево, како и за отворање нова работилница во Ресен, во која сериски ќе се произведуваат експонатите што ќе ги прават учесниците на колонијата, од страна на ресенските грнчари.

Со цел да се обедини уметничкото творештво во областа на ликовната и применетата уметност, Советот на керамичката колонија покрена иницијатива за формирање Заедница на уметничките колонии од Републиката. Основачкото собрание ќе се одржи додека трае работата на колонијата.

Во рамките на активностите за поголема афирмација на оваа млада ресенска културна манифестација, чии твор би минатата и оваа година беа изложени на Триеналето на керамиката во Суботица и на керамичката изложба во Белград, наесен се предвидува да се отвори изложба во Скопје.

Советот го поддржа барањето на Друштвото на ликовните педагози на Македонија за организирање семинар за керамика во Ресен, со цел наставниците по ликовно образование да ги дополнуваат своите знаења.

Ѓ. Ѓ.